














SCANIA



За овие 2,5 години во општина Лозово реализиравме голем број на проекти и докажавме дека можеме работите да ги придвижиме кон подобро. Го менуваме ликот на општината! Еве дел од проектите кои се реализирани:

- ✓ Во с.Каратманово асфалтирани се 4 улици;
- ✓ Извршена е рехабилитација на патниот правец с.Каратманово-кл.Експресен пат Велес;
- ✓ Во с.Дорфулија асфалтирани се 5 улици;
- ✓ Во с.Дорфулија тампонирани се 5 улици;
- ✓ Во с.Дорфулија изграден е одводен канал за атмосферската канализација;
- ✓ Во с.Дорфулија извршена е реконструкција на дел од фасадата на подрачното училиште;
- ✓ Во с.Дорфулија извршена е реконструкција на дел од спортскиот терен со замена на спортски реквизити;
- ✓ Во с.Сарамзалино за прв пат е изградена канализациона мрежа;
- ✓ Во с.Сарамзалино за прв пат е изградена (асфалтирана) главната улица;
- ✓ Во с.Аџиматово изработен е проект за асфалтирање на главната улица;
- ✓ Во село Ѓузумелци започнуваме со изградба на проектот за партерно уредување на црквата Свети Ѓорѓија;
- ✓ Во с.Ѓузумелци завршена е постпката за отпочнување на изградбата на канализациона мрежа;
- ✓ Во с. Ќоселери завршена е постпката за отпочнување на изградбата на канализациона мрежа;
- ✓ Во с.Милино тампонирани се 5 улици;
- ✓ Во с.Милино-Лозово извршивме санација на ударните дупки;
- ✓ Изграден е локалниот пат с.Милино-с.Каратманово (прва фаза) во должина од 3.8км;
- ✓ Извршивме приклучување во канализациона мрежа во 180 домаќинства по донесената одлука за приклучок за 2000 денари;
- ✓ Го опремивме ЈКП Лозово со нова механизацијата за прв пат после 30 години;
- ✓ Поделивме контејнери од 120л на секое домаќинство во општината;
- ✓ По завршување на тендерската постапка ЈКП Лозово добива нов камијон-цистерна за миење на улиците;
- ✓ Засадивме 200 зимзелени и 100 листопадни дрвја;
- ✓ Градиме нови зелени површини со цветни аранжмани;
- ✓ Општина Лозово за прв пат има нова функционална општинска зграда со преубав парк;
- ✓ Градиме НОВА детска градинка за прв пат во нашата општина;
- ✓ Градиме нов модерен мултифункционален културен дом за прв пат во нашата општина;
- ✓ Изградивме нова урбана енергетска фасада на ООУ ММ-Брицо;
- ✓ Изградена е нова спортска училница во ООУ ММ-Брицо;
- ✓ Реновирани се канцеларии и училници во ООУ ММ-Брицо;
- ✓ Опремени се кабинети со смарт табли и кабинети за странски јазици;
- ✓ Изготвена е и предадена целата документација за изградба на нова спортска сала во ООУ ММ-Брицо;
- ✓ Изградени се нови урбани автобуски стојалишта;
- ✓ Изградени се нови пешачки патеки;
- ✓ Извршена реконструкција на пешачките патеки;
- ✓ Во Лозово асфалтирани се 10 улици;
- ✓ Во Лозово тампонирани се 2 улици;
- ✓ Во Лозово извршивме санација на ударните дупки;.
- ✓ Изградена е нова водоводна мрежа во урбан блок 9 во Лозово;
- ✓ Изградена е нова канализациона мрежа во урбан блок 9 во Лозово;
- ✓ Отворивме нова канцеларија за социјални работи;
- ✓ Отворивме нова канцеларија за потребите на земјоделците;
- ✓ Отворивме нова канцеларија на МВР;
- ✓ Нови простории за венчавки;
- ✓ Ги субвенционираме новороденчињата;
- ✓ Ги субвенционираме изградбата на црквите во нашата општина;
- ✓ Извршена промена со нов кров на домот на нашата хероина Атиџе;
- ✓ Ги субвенционираме трошоците за кирија и комуналии на ординациите во амбулантата;
- ✓ Доделивме ЕКГ апарат за потребите на амбулантата;
- ✓ Редовно се одржуваат полските патишта и редовно се чистат улиците во зимски услови;
- ✓ Поделено е државното обработливо земјоделско земјиште до 3 хектари и над 3 хектари кое стоеше неколку години необработено поради лажните инвестиции на СУБРАТА РОЈ со 20 000 крави;
- ✓ Во општина Лозово за прв пат имаме две инвестиции, едната е во завршна фаза (фабрика за сточна храна) и во завршна фаза се подготовките на изградбата на биогасната станица за производство на 2 мега вати струја;
- ✓ Во тек се изработка на основните проекти за асфалтирање на сите улици во с.Дорфулија, с.Каратманово, с.Милино, с.Сарамзалино и с.Аџиматово. Проект Општина Лозово без кал!